# ЗАПИСНИК

Од 13-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
18 јуни, 2020 г., на електронски начин

Седницата се одржа на електронски начин преку користење на софтверска апликација поставена на интернет страницата www.zoom.us и тоа од затворен тип, на која присуствуваа преку аудио – визуелна комуникација членовите на Управниот одбор.

**Присутни**:

Петре ШИЛЕГОВ Митко ЈАНЧЕВ, Аце КОЦЕВСКИ, Наташа Петровска, Максим Димитриевски, Теута Арифи, Медат Куртовски, Илија Јованоски, Стефан Богоев, Коста Јаневски, Аљбон Џемаили, Благој Бочварски, Ивица Тошевски, Саша Богдановиќ, Константин Георгиевски

Управниот одбор на својата 13-та седница го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Одлука за свикување на шестата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Одлука за усвојување на Предлог - Завршната сметка на ЗЕЛС за 2019 г.;
3. Одлука за усвојување на Предлог - Извештајот за работата на ЗЕЛС во 2019 г.;
4. Одлука за усвојување на Извештајот на независна ревизорска куќа за финансиското работење на ЗЕЛС во 2019 г.;
5. Разно

**Дискусија**:

**ПРВА ТОЧКА**: Одлука за свикување на шестата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

Управниот одбор отвори дискусија околу начинот и условите на организирање на следната 6та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС. Со оглед дека во текот на минатата, 2019 – та година, Статутот на ЗЕЛС беше соодветно усогласен со додавање на посебна одредба која дозволува седниците на органите на ЗЕЛС да организираат и да одржат седница на електронски начин, во време на потребата од почитување на мерките за заштита од ширење на корона-вирусот, , истите одредби ќе бидат применети.

Седницата на Генералното Собрание ќе се одржи на 30 јуни, 2020 г. со испраќање на материјалите за седницата по електронски пат, како и испраќање на образец на документ со кој секој делегат ќе го потврди својот начин на гласање по секоја поединечна точка. Управниот одбор заклучи дека рокот за доставување на образец – изјавата за начинот на гласање по предложените точки на дневниот ред е потребно да бидат доставени до Генералното Собрание најдоцна до 30 јуни во 12 часот.

Управниот одбор заклучи дека ќе одржи своја следна седница на истиот датум во 13 часот со цел констатирање на донесените одлуки согласно бројот на пристигнати гласови за секоја точка од дневниот ред одделно.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС, согласно Статутот на ЗЕЛС одлучи да ја свика 6-та седница на Генералното Собрание и истата да се одржи на електронски начин на ден 30 јуни со почеток во 12 часот.

**ВТОРА ТОЧКА**: Одлука за усвојување на Предлог - Завршната сметка на ЗЕЛС за 2019 г.;

Претседателот на ЗЕЛС збор му даде на Извршниот директор ЗЕЛС да ги образложи предлог – документите.

Беше посочено дека на големо задоволство бројот на прибраните средства по основ на членарина, а особено благодарени е на механизмот на склучување на Спогодби за плаќање на долговите на рати како и мерката на Владата за финансиска поддршка на долговите на општините со која беа обезбедени 50 милиони евра, е значително зголемен. Општините во голем обем ја искористија оваа мерка и пријавија долг кон ЗЕЛС кој на овој начин беше успешно реализиран со трансферите од буџетот на државата. Останатите приходи, во висина од околу 4 милиони денари се обезбедени од донации. Се забележува дека речиси 86 проценти од приходите се обезбедени од членарина, што значи дека ЗЕЛС е самоодржлива организација, а тоа е е заеднички успех на сите општини. Што се однесува до донаторските средства, кои се изразени во висина од 9 проценти, истите се реализирани преку спроведување на проекти од помал обем и тоа со УНДП, НАЛАС, НАЛЕД, ГИЗ итн. На расходната страна, како што е евидентно од извештајот, потрошени се 24 милиони денари, од кои речиси околу 50 проценти се расходи искористени за лобирање, застапување, логистика и поддршка на органите и телата на ЗЕЛС, вклучително и состаноците со Заеднички консултативен комитет со Комитетот на региони на Европската Унија - JCC. Конечно, процентот на наплата на членарината за 2019 година, заради околностите изнесува 65 проценти.

Претседателот на Надзорниот одбор Илија Јованоски на ЗЕЛС се обрати на присутните членови на Управниот одбор укажувајќи дека овој орган ги разгледал и ги усвоил предложените документи и изрази особено задоволство од фактот што наплатата на членарината е зголемена за 157 проценти.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои финансискиот извештај за работата на ЗЕЛС за 2019 година (завршна сметка) и му прелага на Генералното Собрание истиот да го усвои на својата прва седница.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Одлука за усвојување на Предлог - Извештајот за работата на ЗЕЛС во 2019 г.;

Управниот одбор го разгледа предлог - извештај за работа на ЗЕЛС за 2019 година. Беше истакнато дека овој годишен извештај ја отсликува ситуацијата на намален обем на активности заради организирањето на претседателските избори во текот на 2019 г. Извештајот во најголем обем содржи информации за тековните обуки одржани во ЗЕЛС, софтверски апликации и нивниот дополнителен развој за кои ЗЕЛС може да се пофали со извонредни резултати, како оние редовни активности за кои е задолжена администрацијата на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор го усвои Предлог – Извештајот за работата на ЗЕЛС за 2019 година.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Одлука за усвојување на Извештајот на независна ревизорска куќа за финансиското работење на ЗЕЛС во 2019 г.;

На присутните им се обрати Претседателот на Надзорниот одбор Илија Јованоски кој укажа дека истиот бил разгледан и усвоен од страна на овој орган. Мислењето на надзорниот одбор е дека ревизорскиот извештај реално ја изразува финансиската состојба заклучно со ден 31 декември, 2019 година, како и нејзината финансиска успешност во согласност со законот за сметководство на непрофитни организации. Финансиските показатели беа ревидирани и од друг ревизор кој исто така истакна уредно финансиско работење на ЗЕЛС. Оттука, овој орган му предлага на Управниот одбор на ЗЕЛС да го усвои овој ревизорски извештај.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои Извештајот на независната ревизорска куќа за финансиското работење на ЗЕЛС за 2019 година.

**ТОЧКА РАЗНО**

Беше отворена дискусија без предлагање на посебни точки. Како сублимат, беше укажано дека кризата со КОВИД-19 покажа колку е дисфункционален системот за заштита и колку единиците на локаната самоуправа немаат директни ингеренции, а се

очекува токму од градоначалниците да преземат активности за справување со кризата на локално ниво. Оттука е потребно ЗЕЛС да го реафирмира барањето и да утврди соодветни предлози за унапредување на системот на заштита во услови на кризи, преку следната фаза на децентрализацијата која се најавуваше во претходниот период. ВО реалноста, за да може да се преземат одредени активности, општините секогаш зависат од активностите на државните инспекторати како санитарниот, трудовиот, пазарниот итн.

Беше укажано и на проблемот со големиот број на службеници кои ги користат мерките за спречување на ширењето на корона-вирусот по разни основи, за на тој начин да се десеткува администрацијата, а општината да не може нормално тековно да функционира.

Беше укажано дека е потребно ЗЕЛС да побара да се изготват генерални насоки за тоа како да функционираат општините со намален капацитет поради недостапна администрација.

Беше изразено и незадоволството од работата на органите на централната власт, особено од Дирекцијата за заштита и спасување која не презема никакви суштински активности за помош и поддршка на општините.

Со оглед дека оваа криза нема да заврши во догледно време, беше предложено да се отпочне со изготвување на иницијатива за донесување на законско решение во итна постапка со која јасно ќе се утврдат дополнителните надлежности на општините во услови на криза како и финансиските средства на располагање во такви околности. Системот на надзор врз спроведување на донесените кризни мерки, вклучително и казнување мора д биде дефиниран и за општините кои би имале свои изречни надлежности. Оттука беше предложено и формирање на работна група која ќе ја изготви рамката на иницијативата поврзано со погоренаведеното.

Присутните беа запознати и со барањето на градоначалникот на општина Гевгелија кое го упати до ЗЕЛС а кој е спречен да присуствува на седницата на Управниот одбор. Станува збор за потребната постапка за организирање на училишниот превоз во околности на важење на мерката за допуштен број на лица од 50% од капацитетот на возилата, а истото ќе се одрази и на буџетските планирања на оваа ставка и зголемување на цената на превозот. Градоначалникот предлага навремено да се усогласи начинот на кој ќе биде организиран овој вид на превоз за да не биде доцна. ЗЕЛС по овој повод веќе испрати барање до Владата за добивање на насоки за ова прашање.

Присутните изразија  и незадоволство од критиките на владата и централните органи кои упатуваат критики на сметка на општините без реално да се имаат во предвид условите во кои работат истите. Повторно беше истакнато барањето да се укинат мерките кои се однесуваат на службениците, со оглед дека се воочени и злоупотреби за користење на правото на отсуство од работа, а со тоа го намалуваат капацитетот на

општините. Ова особено што една од мерките е користење на право на отсуство за родители на деца до 10 години кои одат во училиште до 4-то одделение, кои во нормални околности со завршувањето на школската година до 10 јуни, истите би се организирале на начин како и до сега, што подразбира дека истите веќе не треба да имаат основ и понатаму да ја користат оваа мерка. Според сознанијата, во моментот во министерствата се бара решение за постапка за згрижување на деца до 10 години со вклучување на наставниците кои се веќе на работа. Беше предложено, со отворањето на градинките да има и згрижување на деца и до 10 години, за да може истите да бидат внесени во поинаков систем.

Управниот одбор го разгледа прашањето и за намалување на бројот на присутни членови во изборните комисии, кои исто така ги користат мерките за справување со кризата, а и дел од службениците кои одбиваат да бидат ангажирани за членови на изборните комисии.

Градоначалникот на општина Охрид се обрати до управниот одбор со барање помош од инспектори во областа на урбанизмот и просторното планирање. Тој укажа дека во Охрид во моментот е во тек акција на отстранување на диви градби во крајбрежниот појас, но дека капацитетите се мали заради што побара помош од останатите општини. Ова прашање отвори дискусија и за капацитетот на државните инспекциски служби кои не се ефикасни иако со свои подрачни единици се присутни во општините, заради што беше побарано со посебен пропис, а особено во услови на кризна состојба, истите да бидат организирани како регионални служби на локално ниво.

Беше реафирмиран и концептот на воведување на општини со различни надлежности, по принципот на старата организација на градови и општини. Со тоа што дел од надлежностите би биле факултативни за општините а задолжителни за градовите.

На крај беше отворено и прашањето за состојбата со буџетските приходи кои се значително намалени, заради што претстои многу финансиски тешка 2021 година.

**ЗАКЛУЧОК 1**: Управниот одбор ја задолжува стручната служба на ЗЕЛС да изготви преглед на актуелни итни прашања истакнати од општините за истите да бидат разгледани и усвоени во форма на заклучоци на првата наредна седница на Управниот одбор на ЗЕЛС.

**ЗАКЛУЧОК 2**: Управниот одбор заклучи, својата следна 7-ма седница да ја одржи на 30 јуни со почеток во 13 ч на електронски начин.

**Скопје, 18 јуни, 2020 г.**

**Записникот го составил**
**Стручната служба на ЗЕЛС**